Година 9, број 33, март
**Скопје 2011**

—

Year 9, No 33, March
**Skopje 2011**



# политичка мисла

—

**Предизвиците на образовната политика**

# political thought

—

**The Challenges of Education Policy**

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis - Skopje

Konrad Adenauer Stiftung



# Содржина / Contents

## ВОВЕД / INTRODUCTION

5 Предизвиците на образовната политика
Емилија Туџаровска Ѓорѓиевска

9 The challenges of education policy
Emilija Tudzarovska Gjorgjievska

## АКТУЕЛНО / CURRENT

11 The revisions of the Law on Higher Education in Macedonia: A cha(lle)nge in the educational policy?
Vladimir M. Petruševski / Mirjana Najčevska

Измените во Законот за високо образование во Македонија: промена или предизвик во образовната политика?
Владимир М. Петрушевски / Мирјана Најчевска

19 Integrated education: Emerging concepts in Macedonia
Harald Schenker

Интегрирано образование: новите концепти во Македонија
Харалд Шенкер

25 Образованието на возрасни и доживотното учење: алатки за градење човечки капитал и општества базирани на знаење во Југоисточна Европа
Билјана Мојсовска

Adult education and lifelong learning: Tools for building human capital and knowledge-based societies in SEE
Biljana Mojsovska

31 Мултикултуралното транзиционо општество како предизвик за образовната политика и развој на човечки капитал во Република Македонија
Јорданка Галева

Multicultural transitional society as a challenge for the educational policy and development of the human capital in the Republic of Macedonia
Jordanka Galeva

41 Bosnia and Herzegovina between the Ethno-nationalist paradigm and the Bologna Process: Human capital in crisis!
Bedrudin Brljavac

Босна и Херцеговина меѓу етно-националистичката парадигма и Болоњскиот процес: човечките ресурси во криза!
Бедрудин Брљавац

51 Triple Helix innovation model: Linking the academia, the business sector and the government - the case study of Macedonia
Mirjana Todorovska / Bratislav Stanković

Модел на Трајниот хеликс на иновации: поврзувањето на академската средина, деловниот сектор и владата – студија за примерот на Македонија
Мирјана Тодоровска / Братислав Станковиќ

65 Investigating private and social returns to education in Macedonia with reference to policy implications
Nikica Mojsoska-Blaževski

Приватните и општествените приноси во образованието во Македонија во однос на импликациите врз образовната политика
Никица Мојсоска-Блажевски

79 Состојбата на човечкиот капитал во Република Македонија и предизвици за идното унапредување
Дрита Мамути

The situation concerning the human capital in the Republic of Macedonia and the challenges of future progress
Drita Mamuti

85 Болоњскиот образовен концепт и земјите во транзиција
Дејан Донев

The concept of the Bologna Process and countries in transition
Dejan Donev

91 The Southeast European University – a university of the future
Kujtim Ramadani / Jonuz Abdullai

Југоисточен Европски Универзитет – универзитет на иднината
Кујтим Рамадани / Јонуз Абдулаи

**101 ЗА АВТОРИТЕ / ABOUTH THE AUTHORS**



# МУЛТИКУЛТУРАЛНОТО ТРАНЗИЦИОНО ОПШТЕСТВО КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА ОБРАЗОВНАТА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

—

автор: **Јорданка Галева**

## ТРАНЗИЦИОНИ ОПШТЕСТВА И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ТРАНЗИЦИОНИОТ ПРОЦЕС

Кога се зборува за транзиција и транзиционо општество на балканските простори во денешно време, најчесто се мисли на политичката и економската транзиција на поранешните социјалистички општества, кои од почетокот на 90-тите години на XX век усвоија демократски ситем на управување и влегоа во еден транзиционен процес кој донесе многу предизвици не само на политички и економски план туку и во многу сфери од јавниот живот општо и во животот на секој поединец.

Со завршувањето на епохата на биполаризам[1] многу земји од таканаречениот источен блок самоволно пристапија кон усвојување на плурипартизмот, демократијата и слободната економија. Деведесеттите години од XX век, всушност

[1] Се мисли на периодот на втората половина на XX век кога глобалната спротивставеност помеѓу американскиот и советскиот политичко-економски модел на владеење доведе до светски биполаризам кој влијаше и врз политичкиот живот на другите држави.

беа обележани со масовен процес на демократизација и осамостојување на поранешните социјалистички држави и со отпочнување нов бран на меѓународна соработка и давање финансиска и техничка поддршка на овие земји од страна на Европската унија и меѓународните организации. Најчестата тенденција на европските држави вклучени во политичко-економскиот транзиционен процес од 90-тите години беше да обезбедат стабилна политика и економија и преку тоа да постигнат повисок општествен развој. Еден од неминовните фактори за развој и стабилно демократско општество во овој бран на транзиција, покрај издвоените демократски, економски и правни критериуми, беше и начелото за човекови права, вметнато во меѓународните спогодби и конвенции како неопходен услов за одвивање на овој процес. Имено, со распаѓањето на социјалистичките федерации се формираа нови демократски држави составени од мозаик на различни народи, кои според меѓународните акти и конвенции требаат да уживаат еднакви права без разлика дали се мнозинство или малцинство во својата држава. Оваа новоформирана политичко-географска состојба на европскиот континент, придонесе за дебатирање на нови теми, како на пример – колку либералните принципи можат да опстојат во мултикултуралните општества, дали малцинствата[2] имаат потреба од колективни права за заштита и развој на својот идентитет и колку мултикултурализмот е пречка или придонес за развојот на едно општество.

Општо познато е дека суштинскиот елемент и двигател за дејствување, креирање и развој од каков било вид е човекот. Колку човекот е способен да креира, создава или придонесува за развој зависи од неговиот талент, надареност, технички, стручни и образовни способности и знаења. Човековата подготвеност зависи од тоа колку самиот ќе инвестира во себе и колку општеството во кое твори му го овозможува истото. Од друга страна, развојот на општеството може да зависи и од тоа колку општеството, во овој случај сфатено како систем на политика, овозможува креирање човечки капитал и колку инвестира во оваа сфера. Прашањето кое си го поставувам во овој контекст е: Дали политиките на креирање човечки капитал во мултикултуралните демократски општества[3] се еднакви за сите и дали сите граѓани во таквите општества уживаат еднакви права за инвестирање во својата продуктивност? Општопознато е дека главниот елемент и инструмент за креирање човечки капитал е образованието. Колку системот на образованието е достапен за сите и колку овој фактор влијае за развојот на човечки капитал во едно транзиционо мултикултурално општество е тема на овој труд и ќе биде подетално разгледана во понатамошното излагање.

[2] Со терминот „малцинства“ се мисли на онаа група граѓани која во рамките на една држава етнички или јазично се разликува од мнозинството на населенито.

[3] Терминот мултикултурални општества во овој контекст се однесува на оние општества во кои постои коегзистенција на различни етнички заедници, уставно признаени и со посебни права за промоција, развој и одржување на сопствениот идентитет, култура и јазик.

## ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ И ОБРАЗОВАНИЕТО И ВЛИЈАНИЕТО НА ОБРАЗОВНАТА ПОЛИТИКА ВО КРЕИРАЊЕ ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ

Еден од клучните фактори за развојот во кој било домен од општествениот живот, како во јавната така и во приватната сфера, е човечкиот капитал. За разлика од физичкиот капитал (капитални добра, средства за производство итн.), кој се смета за еден од главните ресурси на економијата, човечкиот капитал е составен од збир на знаења, способности и вештини кои ги поседуваат и развиваат индивидуите, и претставува комплекс на квалификувани човечки ресурси со кои располагаат претпријатијата[4]. Главните компоненти со кои се формира човечки капитал се знаењето, образованието, информираноста и техничките вештини, кои на човекот му даваат способност да развива активности на креирање и создавање. Во ова излагање ќе се задржиме на анализата на образованието како процес преку кој се акумулира човечки капитал.

Образовниот процес нема економска туку лична и културолошка цел, затоа што придонесува за глобален развој на човекот, т.е. за човековото оспособување во поглед на проценување на она што е, а што не, битно за неговиот сопствен живот. Во текот на образовниот процес, всушност, човекот се стекнува со знаења и технички способности кои придонесуваат за подобрување на професионалните вештини и за подобрување на сопствената и на општата продуктивност. Оттука, образованието може да биде сфатено како важен и примарен инструмент за инвестирање во сопствената продуктивност, од која инвестиција би се стекнале повисок личен приход и социјален статус во општеството, т.е. повисок степен на индивидуален развој.

Во текот на 80-тите години од минатиот век, токму човечкиот развој станува една од главните теми на светските дебати, поврзани со развојот во државата, кој не треба да се мери само преку економските индикатори како, на пример, економскиот развој, економскиот раст, капиталот итн., туку преку низа индикатори поврзани со нивото на писменост на популацијата, пристапот кон чиста вода, пристапот до санитарни како и до училишни установи. Еден од најистакнатите теоретичари поддржувач на оваа идеја е индискиот нобеловец за економија, Амартиа Сен[5], кој тврди дека „... слободите на човекот се еден од есенцијалните фактори во процесот на неговиот развој затоа што придонесуваат за промоција на општите способности на индивидуата"[6]. Постручно, Сен објаснува дека развојот зависи од: *функционалноста* т.е. сè она што една личност може да посака, да направи или да биде, и од

---

[4] Praussello F., Marenco M., Economia dell'istruzione e del capitale umano, Laterza, Roma-Bari, 1996, стр. 6.

[5] Амартиа Сен е индиски економист и нобеловец. Во неговото дело „*Развојот е слобода, затоа што нема раст без демократија*" тврди дека нема развој без демократизација и дека едни од најважните демократски вредности кои придонесуваат до развој се слободите.

[6] Ова тврдење Сен го објаснува преку две причини: валутативна, според која за да се оцени дали има или нема прогрес во нешто, пред сè, треба да се види дали постои гаранција на слободите на човекот, и ефективна причина со која се објаснува дека достигнувањето на развојот зависи од слободно дејствување на човечките суштества, Amartya Sen, Lo sviluppo è libertà, perché non c'è crescita senza democrazia, Mondadori, Milano, 2000, стр. 10, 24.

*способностите* сфатени како збир на алтернативи за остварување на истото, т.е. суштински слободи за реализирање на повеќе комбинации на алтернативи на функционирање[7]. Ова видување на Амартиа Сен може да биде ставено во контекст на анализата на односот помеѓу човечкиот капитал и образованието, како и влијанието на образовната политика врз креирање човечки капитал.

Ако тргнеме од видувањето дека *функција* на еден човек е неговата желба да стекне образование на мајчин јазик и да најде соодветно работно место врз основа на неговото образование, *способност* во контекст за реализирање на оваа функција, е реалната можност да го оствари тоа, т.е. постоењето на алтернативи или суштински слободи за реализирање како, на пример, постоење на слобода да се образува на својот јазик или реална можност за наоѓање работно место со стекнатото образование. Во конкретен случај овие функции и способности можат да бидат сфатени преку тоа колку човекот е слободен да избира што е добро за неговиот развој, кои права може да ги остварува и колку политиката и законот овозможуваат нивно реално остварување во едно општество.

За подетално да се разбере суштината на овој однос, како конкретен случај на анализа ќе биде земен примерот на македонското транзиционо општество, нејзиниот мултикултурален карактер, образовната политика и креирањето човечки капитал.

Споменавме дека секое транзиционо општество се стреми кон економски, политички и, со еден збор, општествен развој. Еден од есенцијалните елементи за развојот на општеството е човечкиот развој, важен не само за развојот на индивидуата туку и за развојот на човечки капитал општо. Ако главната компонента за развој на човечки капитал е образованието, прашањата кои си ги поставувам во овој контекст се следните: колку образованието е подеднакво за сите во едно мултикултурално општество?; и дали мултикултуралноста е предизвик за образовната политика како еден од главните фактори за креирање капитал? Во овој контекст е битно да се наведе фактот дека македонското општество е мултикултурално општество во кое мнозинството од населението се Македонци, додека скоро 30% од населението е составено од други националности или етнички заедници, меѓу кои Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци и други помали етнички заедници.

За да дојдеме до одговор на овие прашања, во долунаведеното излагање акцентот ќе биде ставен на уставната и законска регулатива која гарантира право на образование во Македонија, резултатите од истражувањето поврзано со користење на правото и предизвикот што произлегува од добиените резултати. Излагањето ќе биде поделено на два временски периоди кои се однесуваат на првата и втората деценија од независноста на Македонија, во кои ќе бидат разгледани образовната политика и застапеноста на граѓаните по етничка основа во образованието, со посебен осврт на ситуацијата пред и после имплементирањето на владините образовни политики.

[7] Идем, стр. 40, 79-80.

## ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ, ОБРАЗОВНАТА ПОЛИТИКА И СТЕПЕНОТ НА ЗАСТАПЕНОСТ ПО НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ПОМЕЃУ 1991 И 2001 ГОДИНА

Правото на образование во Република Македонија е загарантирано со Устав и регулирано со закон. Уставот од 1991 гарантира еднакви услови на право на образование за сите граѓани на Република Македонија и право на националностите за образование на својот мајчин јазик во основните и средни училишта, како што тоа законот го уредува[8]. Меѓу другото, со Уставот се одредува дека наставата на универзитетите може да се изведува само на македонски јазик.

Според овие начела и законски регулативи, во првата деценија од независноста на Македонија, наставата во образованието беше спроведена на четири јазици во основните училишта (македонски, албански, турски и српски) и на три јазици во средните училишта (македонски, албански, турски)[9]. Статистичките податоци од Државниот завод за статистика на РМ покажуваат дека од учениците припадници на националностите кои имаат уставно право на образование на свој мајчин јазик, повеќето од учениците од албанската и турската националност ова право го остваруваат во основните училишта, а помалку во средните училишта. Учениците од влашка националност кои учат на македонски јазик се застапени рамномерно во двата циклуси на образование, додека бројот на ученици од ромска националност е скоро занемарлив на почеток на деценијата, а бележи скромен раст на крајот на истата[10].

Ситуацијата на универзитетите е уште поразлична од првите два циклуси на образование. Универзитетското образование се спроведува на македонски јазик и е достапно за сите граѓани на Република Македонија. Запишувањето се одвива според законските одредби, т.е. според покажаниот успех од средното образование и освоените бодови на приемните испити. Резултатите добиени од статистичките истражувања покажуваат незадоволителен број студенти припадници на националностите, запишани на универзитетите на почеток на деценијата и прогресивен раст на тој број во текот на истата[11]. Може да се претпостави дека оваа забележана промена во растот на бројот на запишани студенти е резултат на усвоената владина политика на *позитивна*

---

8 Член 44 и Член 48 од Уставот на Репулика Македонија од 1991.

9 Припадниците на влашката и ромската националност, основното образование го следеа на македонски јазик со можност за факултативно дополнително образование на влашки јазик и факултативни часови на ромски јазик.

10 Податоците покажуваат дека во текот на деценијата се зголемува застапеноста на учениците припадници на сите националности во основните училишта, како на пример од 27% на 30,7% кај учениците од албанска националност, од 2,07% на 4,3% кај учениците од турска националност, од 554 ученици на 3,1% кај учениците од ромската националност и константна бројка од 0,2% кај учениците од влашка националност. Слична ситуација се бележи и во средните училишта каде во текот на деценијата се зголемува застапеноста на учениците од албанска националност од 4% на 16% и на учениците од турска националност од 0,3% на 1,7%. Бројот на учениците од ромска националност изнесува 0,5%, а варира од 0,3% до 0,2% кај учениците од влашката националност. За подетални податоци види во Годишните статистички извештаите на Државниот завод за статистика на РМ.

11 Статистичките податоци покажуваат раст на застапеноста на студентите во текот на деценијата од 2,4% на 7,7% кај учениците од албанска националност, од 0,7% на 1,2% кај учениците од турската националност, од 24% на 81% кај учениците од влашка националност и од 5% на 9% кај учениците од ромска националност. Aba/CEELI, Извештај за учеството на малцинствата во правната професија во Македонија, септември 2004, стр. 5.

*дискриминација* спроведена веќе од учебната 1993/1994 година. Според оваа политика, 10% од државната квота за запишување на факултетите е резервирана за студенти припадници на националностите кои на приемниот испит треба да освојат најмалку 60 поени од вкупните 100. Во 1997 година оваа квота беше поделена на пропорционален начин, според застапеноста на националностите во населението[12]. Друг новитет воведен во образовната политика во Република Македонија беше донесувањето на Законот за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет во Скопје[13], со кој се дозволуваше настава на јазиците на националностите за наставните предмети содржани во наставните планови и програми[14]. Меѓу другото, на Филозофскиот факултет беа отворени катедри по литература на албански и турски јазик, а на Факултетот за драмски уметности одредени предмети се изучуваа и на овие јазици.

Оваа политика, иако навидум успешна, може да се каже дека не ги задоволи крајните очекувања, дека секој ученик ќе го продолжи своето образование до третиот циклус, т.е. универзитетско образование и, пред сè, не ги задоволи очекувањата на албанската малцинска заедница која скоро од самиот почеток во Парламентот се залагаше за воведување универзитетско образование на албански јазик. Ова барање на албанската заедница беше законски изрегулирано со донесувањето на Законот за високото образование[15] во 2000-тата година, според кој наставата на приватните високообразовни установи може да се изведува и на јазиците на припадниците на националностите или на светските јазици[16]. Како резултат од усвојувањето на овој закон и за стимулирање на јавно прифаќање на оваа одредба, при крајот на 2000-тата година беше отворен Универзитетот на Југоисточна Европа (ЈИЕ) со седиште во Тетово, каде студентите имаат право да избираат да учат на македонски, албански или англиски јазик.

## ОБРАЗОВНАТА ПОЛИТИКА И СТЕПЕНОТ НА ЗАСТАПЕНОСТ ПО НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ НА ОХРИДСКИОТ ДОГОВОР

Горенаведените статистички податоци кои се однесуваат на застапеноста во образованието на граѓаните припадници на заедниците кои не се мнозинство во Македонија, како и ниската застапеност на немнозинските заедници во

---

[12] Ибид.

[13] Службен весник на Р. Македонија, бр. 5/97 од 06.02.1997 година.

[14] Член 2 од Законот за јазиците на кои се изведува наставата на Педагошкиот факултет во Скопје.

[15] Службен весник на РМ, Закон за високо образование, бр. 64/2000.

[16] Според Член 95 од Законот за високо образование од 2000 година.

јавната сфера[17], ја наметнаа потребата од изнаоѓање и спроведување соодветна политика која ќе го одрази мултикултуралниот карактер на општеството и ќе обезбеди права и по потребите на немнозинските заедници. Во овој контекст, еден од поважните инструменти за изнаоѓање и спроведување соодветни решенија произлегоа од одредбите на Рамковниот охридски договор, потпишан на 13 август 2001 година[18]. Најважните промени врз основа на овие одредби беа направени со измена и дополнување на членот 95 од Законот за високото образование[19], со кој се обезбедува соодветен и правичен пристап при уписот во прва година на студии за граѓаните кои припаѓаат на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и се утврдува дека финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високото образование и на јазикот на којшто зборуваат најмалку 20% од населението во Република Македонија[20].

Во долунаведеното излагање ќе биде разгледано колку овие измени придонесоа за зголемување на човечкиот капитал од редовите на немнозинското население во Македонија, ставајќи го акцентот на статистичките податоци поврзани со застапеноста на студентите по национална основа во образованието. Целта на излагањето е да се види дали новата политика поврзана со овозможување настава на јазици на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија доведе до зголемување на бројот на запишани студенти на универзитетите, припадници на овие заедници.

Од статистичките податоци регистрирани во втората деценија од осамостојувањето на Македонија, кои се однесуваат на образованието, се бележи виден раст како на бројот на универзитети и образовни институции така и на бројот на запишани студенти од немнозинските заедници. Податоците земени од извештаите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", издадени во текот на втората деценија од осамостојувањето на Македонија, споредени со оние од првата деценија, покажуваат раст на бројката на студенти од сите

---

[17] Според статистичките податоци, во 1991 во државниот сектор било регистрирано дека 85% од вработените се Македонци, 7% се припадници на албанската националност, 1,7% од вработените се припадници на турската националност, 1,4% се од ромската националност, 2,4% се од српската националност и 0,4 се припадници на влашката националност. Славко Милосавлевски, Мирче Томовски, „Албанците во Република Македонија 1945-1995", Легислатива, Политичка документација, НИП Студентски збор, декември 1997, стр. 318.
Ваквата ситуација беше резултат не само на спроведената владина политика на скриена дискриминација, туку и на немање соодветен квалификуван кадар од редовите на немнозинските заедници.

[18] Охридскиот рамковен договор беше потпишан со цел да стави крај на воениот конфликт од 2001 во Македонија и да обезбеди одржување на унитарноста на државата, на мирот и да промовира развој на демократијата.

[19] Во согласност со точка 6 од Рамковниот договор и со усвојување на амандманите од 2001 е комплетиран Законот за високото образование.

[20] За подетални информации види Член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високо образование, Службен весник на Р. Македонија бр. 49 од 25.07.2003.

заедници во Македонија[21]. Општиот раст на бројот на студенти запишани во текот на втората деценија, меѓу другото, е резултат и на отворањето приватни образовни установи каде наставата на некои од нив се изведува на македонски, албански и англиски јазик. Значително е зголемен и бројот на студенти од немнозинските заедници, пред сѐ на припадниците на албанската заедница. Имено, според податоците од Министерството за образование и наука на РМ, најголем број студенти од немнозинските заедници запишани на приватните универзитети и високообразовни инстутиции во учебната 2008/2009 година, се регистрирани на Универзитетот на Југоисточна Европа (ЈИЕ). Имено, во првата година на отворањето на овој универзитет биле запишани 876 студенти. Во следната година се бележи бројка од 1.394 студенти, која во 2003 достига до 1.781 регистрирани студенти и која постепено опаѓа во следните години, достигајќи во 2007 година до 1.307 студенти, запишани во првиот циклус и бројка од 199 студенти запишани во вториот циклус[22]. Според етничката композиција на запишаните студенти на овој универзитет последните добиени податоци покажуваат дека во првиот циклус на студии се регистрирани 7.911 студенти, од кои 5.955 од албанската заедница или 75,27%, 1.658 Македонци или 20,96%, 221 или 2,79% припадници на турската заедница, 28 или 0,35% од бошњачката заедница, 26 или 0,33 од ромската заедница и 23 или 0,39% припадници на други националности[23]. Додека студентите од албанската заедница наставата ја следат на албански јазик, останатите студенти од околу 24,73% наставата ја следат на македонски јазик.

Значителен раст на бројот на студенти од албанска припадност е забележан и на другите приватни универзитети и колеџи како, на пример, Универзитетот ФОН, Еуро-колеџот во Струга и Американ колеџ во Скопје[24] и, пред сѐ, на Државниот универзитет во Тетово каде наставата се спроведува на македонски и албански јазик. Според податоците регистрирани во 2008/2009 година на

[21] Растот е забележан кај студентите Македонци, од 29.413 на 31.826, кај припадниците на албанската заедница од 2.100 на 2518, кај припадниците на турската заедница од 416 на 496. Најголем раст на студентите од српската и влашката заедница е регистриран во учебната 2005/2006 година, со 350 припадници на српската, 682 припадници на влашката заедница и 149 припадници на ромската заедница. Забележана е константна бројка од 150 студенти од бошњачката заедница. Споредени со бројот на студенти регистрирани во првата деценија се бележи раст од 3% во 1993 на 6% во 2000 и на 6,7% во 2006 година кај студентите од албанската заедница. Раст е забележан од 1,2% на студенти од турската заедница регистриран во 2000-тата година, и дополнителен раст од 4% во 2006 година. Забележан е раст и кај студентите од другите немнозински заедници, од 2% до 4% кај студентите од српската заедница, од 1% до 2% кај студентите од ромската заедница и за околу 1% кај студентите од влашката заедница.

[22] Статистичките податоци кои се однесуваат на бројот на запишани студенти и на етничката припадност на студентите на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово се земени од следниот веб сајт: http://www.seeu.edu.mk/mk/files/BrochSpecialEdition_forWEB-anglisht.pdf

[23] Во учебната 2007/2008 година биле регистрирани 1325 студенти од кои 990 се определиле да следат настава на албански, 276 на македонски и 59 на англиски јазик. Во учебната 2009/2010 година во Тетово се запишале 981 студенти од кои 782 во албанските паралелки, 164 во македонските и 35 во англиските паралелки, додека во Скопје од вкупниот број од 286 студенти, настава на албански јазик следеле 125 студенти, на македонски 116, а на англиски јазик 45 студенти.

[24] Резултатите регистрирани во учебната 2008/2009 година покажуваат дека на ЈИЕ универзитетот, од вкупно 1265 запишани студенти, 819 се студенти од албанската заедница, од вкупниот број 944 студенти на ФОН универзитетот, 214 студенти се од албанската заедница, На Американ колеџот од вкупно 412 студенти, 30 се од албанската заедница а на Еуроколеџот во Струга од вкупно 210 студенти, 116 се од албанската заедница, додека останатиот број го сочинуваат странски студенти.

овој државен универзитет се регистрирани вкупно 2.608 студенти, од кои 2.337 припадници на албанската заедница, 239 Македонци, 19 припадници на турската заедница, 11 припадници на ромската заедница, 1 припадник на бошњачката заедница и еден студент од друга националност. Податоците кои се однесуваат на учебната 2009/2010 година, пак, покажуваат бројка од вкупно 4.890 регистрирани студенти.

**ЗАКЛУЧОК**

Податоците од истражувањата спроведени во првите години од осамостојувањето на Македонија покажаа незадоволувачки број на запишани студенти на универзитетите, заради што Владата спроведе таканаречена политика на позитивна дискриминација. Оваа политика иако доведе до прогресивен раст на бројот на студентите од немнозинските заедници, не ги задоволи барањата на албанската заедница за основање Универзитет на албански јазик. Барањето за студирање на сопствен јазик беше поткрепено со објаснувањето дека тоа ќе придонесе за одржување и развој на сопствената култура и јазик. Ова барање, заедно со барањето за правична застапеност на Албанците во јавната администрација, каде заради немање квалификуван кадар, немнозинските заедници, пред сè албанската, беа нерамномерно застапени, ја наметна потребата од спроведување политика која ќе ги задоволи овие барања и, пред сè, ќе го одрази и промовира мултикултуралниот карактер на македонското општество. Спроведувањето на оваа политика се водеше врз основа на одредбите на Охридскиот рамковен договор и ја опфати образовната сфера. Спроведувањето на владината политика на позитивна дискриминација при уписот на универзитетите, спроведувањето на начелото за употребата на јазиците на заедниците кои не се мнозинство во Македонија и начелото за основање на Државниот универзитет во Тетово, како и законската регулатива со која се овозможува основање приватни високообразовни институции на кои студирањето може да се спроведува на јазик различен од македонскиот, се главните компоненти во образовната политика кои ја задоволија потребата од зајакнување на мултикултуралната карактеристика на општеството.

Овие податоци докажаа дека политиката на позитивна дискриминација и правото на студирање на својот мајчин јазик, во нашиот случај на албанскиот, го зголеми бројот на студенти кои инвестираат во својата продуктивност, т.е. индивидуален развој, со кој директно се влијае и на зголемување на човечки капитал од редовите на немнозинските заедници, факт кој вооедно придонесува и за стабилноста, интегрираноста на населението и консолидација на демократијата во македонското општество.

**ABSTRACT**

The paper focuses on the multicultural features of the Macedonian society and the right to education in order to establish whether the legislative framework in Macedonia offers equal opportunities for the realization of the right to education of all citizens, including non-majority communities, and aims to determine in which manner multiculturalism affect the educational policy and creation of human capital.

The first part of the paper presents the data related to the legal regulation of the access to education in the Republic of Macedonia in the first decade of its independence and the degree of representation of students by ethnicity in the educational sector.

The second part of this paper, however, places an emphasis on the new legislative amendments adopted and implemented on basis of the Ohrid Framework Agreement (OFA), understood as an essential instrument for promoting and maintaining the multicultural character of the Macedonian society. The analysis of the data registered during the implementation of the OFA directly related to the degree of representation of students from non-majority communities in education, and resulted with the conclusion that the education policy after the OFA regulatory amendments had a direct impact on the educational sector, and hence on the creation of human capital among minority communities.

Keywords: *multiculturalism, educational policy, human capital*

**Издавач**: Анри Боне **Основачи:** д-р Ѓорге Иванов, м-р Андреас Клајн **Уредници:** м-р Владимир Мисев, м-р Сандра Кољачкова, Емилија Туџаровска Ѓорѓиевска, д-р Ненад Марковиќ, м-р Иван Дамјановски, Гоце Дртковски **Адреса:** ФОНДАЦИЈА „КОНРАД АДЕНАУЕР", „Максим Горки" 16, кат 3, МК-1000 Скопје, Тел.: 02 3231 122; Факс: 02 3135 290 E-mail: Skopje@kas.de, Интернет: www.kas.de ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА "SOCIETAS CIVILIS" СКОПЈЕ, „Крагуевачка" 2, МК-1000 Скопје
Тел./факс: 02 30 94 760, E-mail: contact@idscs.org.mk, Интернет: www.idscs.org.mk МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ПОЛИТИКОЛОЗИ E-mail: map@yahoogroups.com **Печат:** Винсент графика
**Дизајн:** Дејан Кузмановски **Организација:** Даниела Трајковиќ **Техничка подготовка:** Пепи Дамјановски
**Превод и јазична редакција на англиски:** Рајна Кошка

**Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер" и Институтот за демократија „Societas Civilis", туку се лични гледања на авторите. Издавачите не одговараат за грешки направени при преводот. Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија.**

**Година 9, бр. 33, март**
**Скопје 2011**
**ISSN 1409-9853**

**Publisher:** Henri Bohnet **Founders:** Dr. Gjorge Ivanov, Andreas Klein M.A. **Editors:** Vladimir Misev M.A., Sandra Koljackova M.A., Emilija Tudzarovska Gjorgievska B.A., Dr. Nenad Markovic, Ivan Damjanovski M.A., Goce Drtkovski B.A. **Address:** KONRAD-ADENAUER-STIFTUNG ul. Maksim Gorki 16/3, MK - 1000 Skopje Phone: 02 3231 122; Fax: 02 3135 290; E-mail: Skopje@kas.de; Internet: www.kas.de INSTITUTE FOR DEMOCRACY "SOCIETAS CIVILIS" SKOPJE, ul. Kraguevacka 2, MK - 1000 Skopje; Phone/ Fax: 02 30 94 760; E-mail: contact@idscs.org.mk; MACEDONIAN POLITICAL SCIENCE ASSOCIATION; E-mail: map@yahoogroups.com **Printing:** Vinsent Grafika **Design:** Dejan Kuzmanovski **Organization:** Daniela Trajkovic **Technical preparation:** Pepi Damjanovski **Translation and English Language Editor:** Rajna Koska

**The views expressed in the magazine are not the views of Konrad-Adenauer-Stiftung and the Institute for Democracy "Societas Civilis" Skopje. They are personal views of the authors. The publisher is not liable for any translation errors. The magazine is published 4 times a year and it is distributed to political subjects, state institutions, universities and foreign representatives in the Republic of Macedonia.**

**Year 9, N° 33, March**
**Skopje 2011**
**ISSN 1409-9853**